Бр. 12-752/7
год. 29-03-2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на седмата седница одржана на ден 27 март 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 12-752/1 од 22.02.2019 година.

Предметот со број 12-752/1 од 22.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-752/1 од 22.02.2019 година е оформен врз основа на добиена анонимна пријава.

Добиената пријава содржи наводи за незаконито вработување на лице во едно подрачно одделение на Управата за водење на матични книги.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи во предметниот пријавен случај и добиените информации со пропратна документација, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во случајот не се потврдуваат наводите за незаконито вработување на лице во предметното матично одделение на Управата, како и не се потврдува основот за сомневање за постоење на судир на интереси и корупција во преметната постапка за вработување, по што оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk